**20110030057**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 9, став 2 од Законот за такса за привремен престој („Службен весник на Република Македонија” бр. 19/1996, 26/2002, 51/2003 и 88/2008) и член 57 од Законот за туристичка дејност („Службен весник на Република Македонија” бр. 62/2004, 89/2008 и 12/2009), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5.01.2011 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ ЗА 2011 ГОДИНА

Член1

Во Буџетот на Република Македонија за 2011 год. („Службен весник на Република Македонија“ бр. 161/2010), раздел 10003 - Агенција за промоција и поддршка на туризмот, во Програма 20 - Промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија, на категоријата 42 - стоки и услуги планирани се финансиски средства во износ од 7.600.000,00 денари од кои 7.350.000,00 на буџетската сметка, а остатокот од 250.000,00 денари преставува приходи од самофинансирачки активности.

Член 2

Средствата од член 1 од оваа програма ќе се користат за следниве активности:

**1. Изготвување и печатење на промотивен материјал**

Печатените промотивни материјали се една од алатките за промоција на туристичките потенцијали.

Средствата ќе се користат за следното:

- Изработка или откуп на нови промотивни материјали по разни сегменти (летен и зимски туризам, културен туризам, рурален, вински, кампинг туризам, манастирски, бањски и др.) на повеќе меѓународни јазици,
- Изработка или откуп на други промотивни материјали (карти на Македонија, папки, постери, кеси, пенкала, маици, капи, сувенири и друг промотивен материјал),
- Репринт на „Туристички водич на Република Македонија”, англиски и германски јазик, негов превод на руски и други странски јазици,
- Изработка или откуп на електронски материјали (видео и цд) за промоција,
- Изработка и печатење на „Водич на културни и туристички манифестации”,
- Изработка на мини брошури во тираж од 50.000 примероци со основни информации за нашата земја кои ќе се постават на инфо столбовите на граничните премини со цел основните информации да се достапни до транзитните туристи,
- Оддржување на web страницата www.tourismmacedonia.gov.mk.

**Вкупно** **1.200.000,00 ден.**

**2. Промоција на Македонските туристички потенцијали на меѓународни туристички саеми**

Учество на меѓународни саеми за туризам (Утрехт, Хелсинки, Љубљана, Тел Авив, Истанбул, Белград, Берлин, Приштина и други) преку:

- препознатливост на нашиот штанд – брендиран во црвено –жолта боја (Macedonia Timeless),
- одржување на видео презентации за нашите туристички потенцијали пред странски новинари и туроператори,
- организирање на Happy hour на нашиот штанд што опфаќа: Power Point презентација на туристичките потенцијали, дегустација на македонско вино и македонски традиционални јадења, придружено со македонска традиционална музика,
- дистрибуирање на промотивен печатен и електронски материјал на потенцијалните туристи,
- организирање на директни средби на наши туристички агенции и хотелиери со меѓународни туроператори.

Со ова се овозможува непосредна промоција на препознатлив туристички производ на целни туристички пазари.

**Вкупно 3.500.000,00 ден.**

**3. Организирање на Саемски денови за рецептивен туризам во Охрид 18-19 јануари**

Организирањето на Саемски денови за рецептивен туризам имаат за цел странските туроператори да се запознаат со потенцијалите на туристичките места во Македонија како и непосредно да се запознаат со манифестацијата Водици како туристичка атракција во Охрид.

**Вкупно 1.000.000,00 ден.**

**Образложение по ставка 3**

На оваа манифестација примат ќе се даде на локалните самоуправи како туристички места да се презентираат пред странските туроператори и домашните туристички агенции преку претходно подготвена power point презентација од нивна страна и во една интерактивна комуникација со туристичките работници ќе се направат заклучоци, кои ќе се достават до локалните самоуправи и надлежните институции за нивно решавање. Активностите ќе се насочат пред се во реални решавања на проблемите на туристичките работници со кои се среќаваат на терен, додека класичното штандовско презентирање ќе се намали.

**4. Поканување на меѓународни туроператори и туристички новинари на студиско патување во Македонија**

Реализирање на програма на поканување на странски туроператори и новинари од целни пазари, но и од нови емитивни пазари кои непосредно ќе се запознаат со туристичките потенцијали на Македонија.

За следната година се планираат од Словенија, Полска, Австрија, Унгарија, Романија, Русија и други. Воедно ќе се организираат директни непосредни средби со наши туристички агенции и хотелиери.

Меѓународните новинари, туристичките потенцијали ќе ги презентираат преку снимање на репортажи и објавување на статии за Македонија во електронските и печатените медиуми во нивните земји.

**Вкупно 700.000,00 ден.**

**Образложение по ставка 4**
(овде спаѓаат активности од аспект на организација на транспорт на гостите од аеродром па се до хотелите во туристичките места кои се прифатени од нивна страна, врз основа наша понудена агенда, хотелско сместување, ангажирање на локален водич во разни туристички локалитети, и др.)

**5. Промоција на македонскиот туризам во меѓународни печатени медиуми**

Промоција во печатени медиуми специјализирани за туризам заради запознавање со туристичките потенцијали на државата како и преку печатени медиуми на одреден таргетиран пазар.

**Вкупно 700.000,00 ден.**

**Образложение по ставка 5**
(Активности кои ќе се реализираат се дизајн на страната за туристичките места во Македонија која ќе се публикува во печатени медиуми како и закуп на простор во печатените медиуми. Целта е поголем број на потенцијални гости, преку следење на тие медиуми да се запознаат со туристичките потенцијали на Македонија).

**6. Организирање на Ден на македонскиот туризам во таргетирани земји**

Во оние земји каде што нема да учествуваме на саем за туризам ќе се организира Ден на Македонскиот туризам што опфаќа одржување на пресс конференција со видео презентација пред странските медиуми, организирање на инкаминг работилница и директни непосредни (B2B) средби меѓу наши туроператори и туроператори од таргетираната земја проследено со промоција на македонско вино, традиционална храна и музика во времетраење од еден ден, во главните градови на таргетирани земји (Виена, Киев, Будимпешта, Прага, Варшава и др.)

**Вкупно 300.000,00 ден.**

**7. Промовирање на туристичките потенцијали и едукација преку учество на меѓународни натпревари, форуми, конференци манифестации, работилници кои се од меѓународно значење.**

Постојаната едукација преку учество на меѓународни натпревари од аспект на угостителството (учество на балкански натпревар во гастрономија, учество на меѓународни конференции за туризам (каков што е примерот со конференцијата која секоја година се одржува во Брисел), како и учество на други работилници, форуми, симпозиуми, се добра можност за практично надоградување на туристичките работници како и размена на искуство и примање на нови информации за најновите трендови во туризмот.

**Вкупно 200.000,00 ден.**

**Вкупно 7.600.000,00 ден.**

Планираните активности ќе се реализираат во рамките на следниот

**АКЦИОНЕН ПЛАН**

| Активност | Временски период |
|---|---|
| 1. Изготвување и печатење на промотивен материјал | Јануари – Декември |
| 2. Презентација на меѓународни саеми | Јануари – Мај, Септември - Декември |
| 3. Саемски денови за рецептивен туризам во Охрид | Јануари |
| 4. Поканување на меѓународни туроператори и новинари, | Април – Октомври |
| 5. Промоција во меѓународни печатени медиуми | Јануари – Мај, Септември - Декември |
| 6. Промоција преку организирање на Ден на македонскиот туризам во одредени земји | Март – Јуни, Септември – Ноември |
| 7. Промовирање на туристичките потенцијали и едукација преку учество на меѓународни натпревари, конференции, работилници кои се од меѓународно значење | Јануари-Декември |

Член 3

Реализацијата на уплатите наведени во член 2 од оваа програма, се врши најмалку шест месеци пред почетокот на меѓународните туристички берзи.

Член 4

За начинот и динамиката на реализирање на оваа програма ќе се грижи Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот.

Член 5

Агенцијата за промоција и подршка на туризмот за реализираните буџетски средства ќе достави извештај со финансиски показатели до Владата на Република Македонија за реализацијата на оваа програма, како иа за постигнатите резултати и образложение за евентуалните отстапувања од планираните активности, заклучно со 31.12.2012 година.

Член 6

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 51-7967/1-2010
5 јануари 2011 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.